ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ
НА ЈАВЕН ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ
И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ
НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА
БР. 01-40/1
22.01. 2026 год.
Битола





ЈППЈЛП Битола

Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор
за паркирање и уредување и организирање на јавен локален
превоз на патници во Општина Битола
ЈППЈЛП Битола

# ЦЕНОВНИК

## на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта

Јануари

2026

**Цени на услуги и надоместоци кои се однесуваат на сите паркиралишта на територијата на Општина Битола поделени во зони: А, Б, Ц, Д, Х.**

**1.**

**Цена за паркирање на патничко моторно возило во зонско паркирање**

- **Зона А**
  - 50 денари/час.
- **Зона Б**
  - 30 денари/час
- **Зона Ц**
  - 20 денари/час
- **Зона Д**
  - 30 денари/дневно
- **Зона Х**
  - 20 денари/час

Во јавните паркиралишта од затворен тип првите 15 минути се бесплатни, под услов возилото да го напушти паркинг просторот пред истекот на 15 -тата минута.

Во затворените јавни паркиралишта возилата кои нема да бидат паркирани прописно на соодветно обележаниот простор или блокираат влез или излез на паркингот ќе бидат **блокирани на предното лево тркало со механичко средство блокатор на тркалото.** Цената на непрописно паркирање ќе изнесува колку што е цената за поставување за механичко средство-блокатор зголемена за времетраењето на користењето на услугата.

Во отворените јавни паркиралишта возилата кои нема да бидат паркирани прописно, односно не се паркирани во обележаниот простор и зафаќаат две (или дел од второ) паркинг места ќе бидат **блокирани на предното лево тркало со механичко средство блокатор на тркалото.** Цената на непрописно паркирање ќе изнесува колку што е цената за поставување за механичко средство-блокатор зголемена за времетраењето на користењето на услугата.

## 2.
## Повластена паркинг карта

ПКЖ -повластена карта за жител
ПКВЛ- повластена карта за вработено лице
ПКПЛ - повластена карта за правно лице
ПКИЛ – повластена карта за инвалидизирано лице
ПКН - повластена карта за новинари
ПКЕЕ- повластена карта за сопственици на возила со погон исклучиво на електрична енергија
ВИП А – вип карта за зона А
ВИП Б -вип карта за зона Б
ВИП Ц – вип карта за зона Ц
ПКЗ -повластена карта за закуп место

Право на повластено користење на паркинг просторот имаат станарите од колективните и од индивидуалните домакинства чија адреса на живеење спаѓа во определената подзона, како и правните и физичките лица кои имаат седиште на правно лице во определена подзона. Повластената паркинг карта се издава врз основа на Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта ППК.

Цена за користење на повластена паркинг карта за период од еден месец:

| Вид на паркинг карта | Месечен надомест со ДДВ (ден) | Месечен надомест со ДДВ (ден) | Месечен надомест со ДДВ (ден) |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц и Д |
| ПКЖ за 1 возило | **300** | **300** | **300** |
| ПКЖ за 2 возило | **450** | **450** | **450** |
| ПКВЛ | **1950** | **975** | **750** |
| ПКПЛ | **3000** | **2250** | **1050** |
| ПКИЛ, ПКЕЕ, ПКН | **БЕСПЛАТНО** | | |
| ВИП | **6500** | **3900** | **1950** |
| ПКЗ | **6500** | **3900** | **1950** |

Корисникот на услугата доколку склучи договор за годишна повластена паркинг карта износот го плаќа целосно, но се ослободува од плаќање за еден месец односно се наплаќа само за 11 месеци.

3.

**Цена на дневна карта за користење на паркинг простор за правни и физички лица:**

| Паркинг карта | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
|---|---|---|---|
| Дневна карта ДК | ***500*** | ***300*** | ***200*** |

4.

Возилата за кои нема да се изврши уплата на услугата за паркирање, ќе бидат блокирани на предно лево тркало со механичко средство блокатор на тркало.

Цена за механичко средство блокатор:

| Механичко средство Блокатор | **Сите зони** |
|---|---|
| | **1.000 денари** |
| Постапувања по барања за поништување на налог | **Доколку приговорот е основан и се одобрува поништување на налог на корисникот на услугата на трансакциона сметка ќе му бидат вратени 700 денари.**<br><br>**300 денари се задржуваат за МАНИПУЛАТИВЕН ТРОШОК** |
| Надоместок за насилно отстранување, оштетување или кражба на механичкото средство за блокирање на возило (блокатор)<br><br>**12.000 денари** | |
| **МАНИПУЛАТИВЕН ТРОШОК за испорака на документи во случај на потреба по пошта**<br>**250 денари.** | |

## 5.
## Паркирање на комбиња, минибуси и автобуси

Паркирање на комбиња, минибуси и автобуси се врши исклучително во затворениот паркинг простор на локација кај спортската сала Боро Чурлевски

Цена на услуга за паркирањето на комбињата и автобуси:

| Вид на возило | цена |
|---|---|
| комбе | 50 денари/час |
| автобус | 100 денари/час |

## 6.
## Хуманитарен паркинг

Наплаќањето на хуманитарни паркинг простори ќе се врши искучително преку СМС пораки. Цената да изнесува 20 денари од изминат час. За нерегулирано плаќање на хуманитарно паркинг место, возилото ќе биде блокирано на предното лево тркало со механичко средство блокатор, износот за поставување на блокатор ќе биде двојно повисок од редовната цена на поставување на механичко средство блокатор.

## 7.
## Останати категории

- Сопствениците на возила со погон исклучиво на електрична енергија во зоните А, Б, Ц и Д се ослободени од паричен надомест.

- Од плаќање на надомест се ослободуваат: ***обележаните службени возила*** на брза помош, полиција и возила за противпожарна заштита.

***Се забранува паркирање на товарни возила и камиони, фургон возила, цистерни, влекачи, приколки и полуприколки и други тешки и товарни возила на паркинг просторот во зоните А, Б, Ц, Д, Х.***

Битола

22.01.2026

Претседател на УО

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА Битола ЈАВЕН ПРЕВОЗ ЗА ПАРКИРАЊЕ Битола